# ДОНЕ ШТИПЈАНЧЕТО-СИМБОЛ НА ХРАБРОСТ И ИЗДРЖЛИВОСТ ВГРАДЕН ВО ЖИВОТИТЕ НА СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА

**Оливер Цацков**

**Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**
**oliver.cackov@ugd.edu.mk**

**АПСТРАКТ**

Во трудот се осветлува ликот на македонскиот револуционер,куририот Доне Тоше Стојанов,познат во народот како Дончо Штипјанчето име кое ќе стане симбол на храброст издржливост и непокор. Во темата се опишува првата македонска афера која можела да заврши со катастрофални последици по битолскиот и штипскиот регион, ако тој пред полицијата не се држел како вистински херој. Опфанат е и неговиот престој во затворот во Битола, за неговата цврстина во големите страдања. Оттука ликовите како Доне никогаш не треба да се заборават бидејќи тие се вградени во нашата сегашност и иднина.Во темата е прикажан и останатиот период од неговиот живот поминат во градот Ќустендил ,Бугарија

Клучни зборови: организација,Штип,затвор,непокор

Македонското национално ослободително движење предводено од ТМОРО земало голем замав и станало општонародно. Организацијата навлегла во севкупниот живот на македонскиот народ. Со својата сила и моќ ги изразувала вистинските стремежи на македонскиот народ за целосно ослободување од турската власт. За да го поведе народот во непомирлива и организирана борба.

Во втората половина на 19 век економскиот развој во градот Штип е тесно поврзан со општествено-политичките движења и промени во турската држава. Стопанската и трговската дејност во градот Штип и создавањето на богат трговски и занаетчиски слој помеѓу населението ќе овозможи да се создадат сите услови за организирање револуционерна и политичка дејност.

Во втората половина на деветнесети век и почетокот на 20 век градот Штип еволуирал во простор на сериозна револуционерна дејност. Големата придобивка на градот Штип била престојот на Гоце Делчев, Туше Делииванов и Даме Груев како учители и револуционери во периодот од 1894 до 1896 година. Тие за кратко време ја започнале револуционерната активност,а помогнати од граѓаните на Штип како и од селата кои гравитирале околу Штип.

Даме Груев го основал и првиот градски комитет на ТМОРО во Штип.Во него влегле голем број на членови кој ќе бидат идните револуционери и војводи во Штип и штипско. Односно една интелеигентна сила врз кој можела да се потпре организационата дејност. Организацијата веднаш ја започнала својата активност со купување и собирање на оружје за да бидат потготвени за вооружена борба со османлиската власт.За сите членови на организацијата во градот и селата била воведена чланарина чија висина била во зависност од матрејалната можност на членовите. Зачленувањето во ТМОРО одело по однапред утврдени правила. Најсвечен чин бил положувањето на заклетвата кон целите на Организацијата како и целосната посветеност на револуционерното дело.Приемот во Организацијата бил свечен чин и се завршувал со давање на заклетва. Собата „била наместена со маса, на која била поставен крст и Евангелие ,а помеѓу нив имало запалено свеќа.Двацата членови на организацијата седеле облечени во комитска облека со пушки ( Малихери) како почесна стража. Лицето кое доѓало да ја положи заклетвата застанувало пред крстот се поклонувало,прекрствувало и ги изговарало зборовите: Умирам не кажувам..истото го правеле и пред Евангелието изговарајќи ..Глава давам не предавам.“.[1]Заклетва положувале голем број трговци и занаетчии, револуционери како и селани.Даме Груев со помош на своите соборци од градот создал и во селата револуционерни комитети.Оваа работа се интензивирала кога Гоце Делчев пристигнал во Штип. Гоце почнал да

---

[1] Ефремов,Д (1998)Револуционерната дејност на штипскиот војвода Мише Развигоров,Зборник VIII.ЗЗСК и народен Музеј,Штип.

ја зајакнува Организацијата создавајќи успешна мрежа на соработници. Пренесувањето на оружје и други воени материјали се изведувале на различни начини. Сето тоа било организирано преку специјални канали, односно преку курирска служба во која Организацијата имала доверба. Тие ефикасно се движеле во насоките кои биле одредени за да се достави илегалната пошта. Такви познати канали биле Горноџумајскиот,Разловечкиот,Делчевскиот,Виничкиот како и Штипскиот како главен центар. Преку овие пунктови се испраќало оружје ,литература,пошта. По еден таков канал биле испратени и првите бомби за револуционерниот округ во Битола. Периодот по основањето на Македонската револуционерна организација, се карактеризира со засилени активности за своето проширување, зајакнување. Поради субјективни слабости често доаѓало до провали во Организацијата. Доневата афера од 1896 година „била првата по која Османлиската власт дознала за постоењето и дејствувањето на МРО. Провалата придонела името на МРО да се слушне и надвор од границите на Османлиската Империја, помеѓу европската јавност која се повеќе покажувала интерес за македонското прашање.“[2]
Во редовите на македонското национално револуционерно движење вградени се многу имиња,следбеници и непокорни борци. Тие со својата чесност кон Македонија го пленувале секој што ги познавал. Биле обични луѓе. Луѓе од народот кој со својот личен пример предизвикувале восхит и оставиле траги за идните генерации. Меѓу нив бил и Донче Тоше Стојанов познат како Донче Штипјанчето. Соборец на Делчев,Груев,Ѓорче Петров,Мише Развигоров,Атанас Бабата, Тодор Станков, Пеју Јаворов, и други револуционери.

Доне е роден на 20 јуни 1867 г. Во с. Ерџелија Штипско. Детството го поминал во родното село. Тој овде ги гледал неправдите и страдањата на турската власт кон селаните. Поради големите даноци, лихварството,а и честите тероризирања од страна на турските банди,како и незаинтересираноста на власта за нивна заштита, семејството Доневи било принудено да се пресели од родното село во Штип. Во Штип Доне го започнал своето школување,но бил принуден да го прекине поради учење на занает од кој требало самостојно да си обезбеди егзистенција. По занимање бил кираџија.[3] Оваа занимање ќе му овозможи слободно да ја извршува курирската задача поставена од Организацијата. Во 1888 година се оженил за Катерина ќерка на попот Апостол Поликаров од Ново Село, кој силно се спротиставувал на фанариотските свештеници и бил голем поборник за македонскиот народ да има своја црква,училиште и јазик.Истата година бил убиен и таткото на Доне во заседа при пренесување на стока. Доне Т. Стојанов по карактер бил темпераментен и нескротлив по природа.Се одликувал со чесност,посветеност и храброст. По сеќавањето на неговите соборци,курирската служба ја вршел со големо задоволство. Тој бил и првиот курир на Гоце Делчев. Одлично го познавал својот терен и луѓето со кои комуницирал. Како курир на Организацијата ја одржувал врската на Организацијата со соседните градови Виница, Кочани, Велес, Прилеп и Битола. Пренесувал револуционерна литература, писма, оружје и други информации потребни за Организацијата. Првата „ провала во редовите на МРО, преку која турската власт дознала дека во Македонија постои и дејствува прилично развиена мрежа на ТМОРО која располагала со свое вооружување била откриена во Битола 1896 година. Во вреките со ориз на Доне биле откриени бомби пренесени од Виница преку Штип во Битола.“.[4] Доне требало да ги пренесе вреќите со ориз во Битола и да ги предаде на извесна личност која што не ја познавал и која требало да дојде да ги подигне од анот каде што тој обично престојувал. Што се однесува до писмото, напишано од Делчев требало да го предаде на истиот човек. Писмото не паднало на рацете на полицијата бидејќи Доне го искинал.
Доне Штипјанчето неочекувано бил откриен од страна на турските стражари на влезот во Битола. Тие имале задача да го контролираат нелегалното внесување и продажба на нелегално пренесуваниот тутун во градот. Одкако биле откриени бомбите во вреќите со ориз,тој бил приведен во затворот во Битола. Целта на турската полиција била да дознаат каде биле произведени бомбите и за што требало да бидат наменети. Турската полиција сакала да ја открие курирската мрежа на Организацијата за нејзино побрзо уништување. Колку турската полиција

---

[2] Хамза,Ј (1988) Турско македонските односи во периодот 1850-1912.Скопје,НИО„Студентски збор“.
[3] Лице кое се занимава со пренесување на стока со кола,коњ.
[4] Трајановски,А (2005)Историја на Македонија.Скопје.Менора.

била заинтересирана за оваа афера,зборува и податокот дека за истрагата бил поставен Абдул Керим Паша, битолски валија, со цел овој случај целосно да биде расветлен.
Откривањето на бомбите ќе одекне и брзо ќе се прошири во Битолскиот вилает и битолскиот револуционерен округ. Престојот во затворот во Битола веднаш ќе предизвика вознемиреност во револуционерната Органозацијa.Многу познати револуционери се засолниле на безбедни места и со големо внимание ги следеле настаните од аферата.
Доневата провала можела да заврши со катастрофални последици за битолскиот и штипскиот регион ако тој пред битолската полиција не се држел како вистински херој. Во меѓувреме турската власт вршела претреси во Штип,Битола и Виница. Според зборовите на Х.Полјански познат истражувач а Делчев за овој случај ќе запише: во средината на април 1896 година се случи еден настан кој довел до откривање на илегален пренос на бомби од Штип во Битола при што бил фатен Доне Стојанов. Во врска со оваа афера било фрлено сомневање на Гоце Делчев и тој бил затворен во мај 1896 година и одведен во озогласениот затвор Куршумли Ан од каде бил пуштен со гаранција да не се занимава понатаму со дејноста и да се врати во Штип.“[5]
Доне во затворот бил ставен во долап и пранги и подвргнат на физичка тортура,односно методите со кој несомнено извлекувале признание. Долго време бил затворен во долап во кој од долгото стоење на нозе целото тело му било вкочането. Многу пати за време на измачувањето, паѓал во бесознание, а кога доаѓал при себе со уште поголема мачнина ги чувствувал здобиените повреди. Го „ изведувале понекогаш надвор и го прашувале- Кој ти ги даде бомбите, одговорот секогаш бил ист-Не знам, за да потоа почнувале да му бодат шпици во ноктите, го гореле и го тепале до бесознание. Не помагало и ветувањето на властите ако тој каже кој му ги дал бомбите дека ќе го пуштат, ни и тогаш одговорот бил- Не знам.“[6]
Организацијата во Битола воспоставила врска со Доне преку Јордан Гавазов кој бил затворен исто така во затворот во Битола. Гавазов успеал да искорне една штица од подот и му се јавил на Доне. Од тој момент се дознало за нескршливата верба во неговата мисија,а со тоа и за неговата надчовечка издржливост. Се дознало и тоа дека тој подобро би умрел отколку да ја предаде Организацијата. Доне во Организацијата изградил култ на човек кој никогаш нема да потклекне на силните искушенија кој биле пред него. Организацијата од Битола и Штип се грижела за неговото семејство според спомените на Петров. Доне барал да им се дава по една вреќа брашно на неговите деца,нешто што Организацијата го направила. За овој настан Ѓорче Петров ќе запише : јас бев уште во Битола кога стана Доневата провала, но во тоа време на распиустот бев излегол надвор од Битола. Доневата „случка многу не окуражи, тој си сиздаде има во Организацијата како праотец на цврстина во најголемите страдања.Така се создаде традицијата еден на друг да не се поткажуваме,да не се издаде ништо. Се натпреарувавме кој повеќе мака ќе истргне.“[7]

Доне Стојанов бил осуден на 101 година затвор,но подоцна казната му била намалена. По одлежаните 18 месеци бил амнестиран веројатно под притисок на меѓународната заедница за да бидат ослободени сите политички затвореници.Но,според сведоштвото на неговата ќерка Елена Тошева излегувањето на нејзиниот татко од затвор се случило по грешка бидејќи во затворот имало и друго лице со истото име и презиме кое требало да биде ослободено. По излегувањето од затвор постојано се криел се додека илегално пребегал во Ќустендил Бугарија. Набргу потоа му се придружило и семејството.По препорака на Организацијата Доне бил прифанат од баба Дона. Нејзина обврска била да се гриж за него. Подоцна се преселил во друга куќа на периферијата на Ќустендил.Овде имало одлични услови четниците да го кријат оружјето и облеката. Во овој период на неговиот престој во Ќустендил Доне се занимавал со пренесување разновидна стока со коњи на релацијата Ќустендил-Софија.Кога започнала да се гради железничката линија работел и на нејзината изградба. Во Ќустендил Доне со својот авторитет и добрина многу бргу станал угледен граѓанин кој бил достоен за почит. Во текон на престојот во градот тој постојано соработувал и бил во контакт со членовите од Организацијата. Во периодот кога тој полека го стабилизирал својот живот во Македонија,во македонија интензивно народот се подготвувал за вооружена борба. Во градот во кој живеел имало луѓе од

---

[5] Полјански,Х. (1972) Гоце Делчев и неговото време.Скопје.Мисла.

[6] Крупешки,Н,Дуков,Г (1996) Дончо Штипјанчето.Штип.Културно-просветна заедница.

[7] Петров ,Ѓ. (1984) Спомени,кореcподенција.Култура

коминтетот кој ги криеле комити и на секој мочен начин биле нивна логистика. Затоа и неслучајно Доне му се вратил на занаетот кој најдобро го работел-кираџиството. Преку него тој постојано бил во контакт со револуционеритетековно бил информиран за состојбите во Организацијата.

Иако живеела таму постојано со мислите бил во родниот град Штип. По сеќавањето на неговите соборци Доне често ја изговарал мислата „Господ да не ми ја зеде душата дури не ја видам слобона Македонија.". Починал на 15.4.1931 година во Ќустендил. По сеќавање на неговата ќерка на денот на неговата смрт,македонската емиграција од Ќустендил и пошироко за последен пат се простиле од скромниот и заслужен за почит Доне. Тодор Станков, верниот сопатник на Делчев донесе венец на „МУЦИЈ СЦЕВОЛА„[8]

Битолчани неговата заслуга ќе ја преточат во позната антологиска песна „Калеш Дончо" во која е опеан како револуционер и симбол на народната чест и достоинство за храброст и јунаштво за големото дело.Таквите личности биле инспирација на истрајност во борбата на македонскиот народ за слобода.Тој со својата храброст, лојалност и пожртвуваност завзема видно место во револуционерната борба на македонскиот народ.Многубр јните борци и хероибtemp како Доне Стојанов македонскиот народ секогаш ќе ги носи како нешто вредно во неговата колективна меморија.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

1.Миљовски,К.(уред) (1973) Гоце Делчев.Скопје.МАНУ
2. Петровска,С.(1996) Жед за слобода: сто години од аферата Дончо Штипјанчето.Скопје.
3. Димевски,Д.( 1986) Аферата на Дончо Штипјанчето.Скопје.
4. Крупешки,Н, Дуков,Г (1996) Дончо Штипјанчето.Културно-просветна заедница.
5.Петров,Ѓ.(1984) Спомени,коресподенција.Култура
6. Пољански,Х. (1972) Гоце Делчев и неговото време.Скопје.Мисла.
7.Трајановски,А (2005) Историја на Македонија.Скопје.Менора
8.Хамза,Ј.(1988) Турско македонските односи 1850-1912.НИО „ Студентски збор".
9. Здравев,Ѓ. ( 1969) Песна за Дончо Штипјанчето-нејзината историска основа.

[8] Римски јунак кој требало да го убие кралот Порсен. Бил уапсен при што, за да ја докаже својата храброст ,самиот си ја изгорел десната рака.Сцевола во превод значи левак.